Врз основа на член 51, став 1, алинеа 12 од Статутот на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија, Претседателството на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија на 18 септември 2025 донесува:

# ПРАВИЛНИК
## *за работа на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност при Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија*

*Термините употребени во овој Правилник, а кои имаат родово значење се користат неутрално и подеднакво се однесуваат и на машкиот и на женскиот род.*

## I. КОМИСИЈА ЗА ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧИ

**Член 1.**

Комисијата за планинарски водичи на Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија (во натамошниот текст: Комисијата) е постојано работно тело на Претседателството на ФПСМ.
Комисијата, нејзините ограноци и другите тела се надлежни за организирање, развивање, обука и лиценцирање на планинарските водичи на ФПСМ, како и за сите поврзани прашања со водичката дејност.

ЦЕЛИ И ЗАДАЧИ

**Член 2.**

Комисијата за планинарски водичи е највисокото тело на планинарските водичи на ФПСМ.
Комисијата ја сочинуваат Претседателот на Комисијата и 4 редовни членови, како и вонредни и надворешни членови.
Целите на Комисијата се:
- организирано и безбедно планинарење)
- развивање и унапредување на водичките активности во ФПСМ.

Задачите на Комисијата се:
- развивање и подобрување на водичките активности во ФПСМ,
- предлагање Правилник на Комисијата и неговите измени и дополнувања до Претседателството на ФПСМ,
- спроведување на одлуките и заклучоците на Собранието и Претседателството на ФПСМ,
- соработка со други служби и комисии на ФПСМ,
- донесување одлуки, протоколи, упатства, деловник и други видови акти со кои се уредуваат стручни прашања, задачи и обврски на планинарските водичи,
- донесување насоки, програми и планови за работа,
- координирање и насочување на работата на регионалните ограноци,
- едуцира
- водичи преку обуки, семинари и вежби,
- определување опсег и опис на стандардите кои се применуваат во водичката дејност на ФПСМ,
- усвојување програми за обуки, ре-обуки и школи на планинарските водичи,
- утврдување на условите за лиценцирање водичи, како и постапката за продолжување на важноста на лиценцата,

- утврдување на условите за лиценцирање на образовниот кадар за работа на обуките и испити за водичи, како и постапката за стекнување и продолжување на важноста на образовните лиценци за асистент и инструктор,
- организира и спроведува обуките и испити за водичи според стандардите на УИАА
- организирање и спроведување обуки и испити за образовен кадар,
- одлучува за доделување и продолжување на образовни лиценци од прв и втор степен,
- подготвува документација за меѓународна соработка и меѓународни активности,
- одредува носители на обуките и испитите, како и составување на испитна комисија при лиценцирање на планинарските водичи,
- поттикнува водичите да работат со лица со попреченост и други ранливи групи,
- поттикнува формирање на нови регионални ограноци во области каде што има организациски, кадровски и технички можности за тоа,
- ги стимулира регионалните ограноци да ги извршуваат своите задачи,
- иницира затворање на неактивни регионални ограноци,
- разгледува и усвојува извештаи за активностите на регионалните ограноци и нивните членови,
- ги информира телата на ФПСМ, регионалните ограноци и клубовите – членки на ФПСМ членството за нејзините активности,
- преку извештаи и планови за работа обезбедува основни финансиски средства од буџетот на ФПСМ и пронаоѓа дополнителни средства за нејзините активности,
- негување, развивање и промовирање на планинарството и водењето во планина преку унапредување на знаењата и вештините на водичите,
- превентивна работа насочена кон зголемување на безбедноста на движењето и престојот во планините преку еду проекти,
- претставување на водичката активност пред јавноста,
- промоција на планинарството,
- решава жалби во нејзина јурисдикција,
- врши и други работи во интерес на развивање на водичката дејност.

Комисијата е одговорна за својата работа пред Собранието и Претседателството на ФПСМ.
За остварување на своите задачи Комисијата соработува со надлежните органи и Канцеларијата на ФПСМ.

ПРИНЦИПИ НА РАБОТА

**Член 3.**

Работата во Комисијата е доброволна и волонтерска и се извршува во согласност со принципите на јавност, колегијалност, одговорност, информираност, реизбор и демократско одлучување.

ГРБ

**Член 4.**

Грбот на Комисијата има форма на планински масив со три врва кој е исцртана со помош на изохипси во сина боја и на кој средниот врв е највисок, натписот „Комисија за планинарски водичи“ е полукружен и ѐ на горниот дел од грбот, а под планинскиот масив стои „ФПСМ“.
Дополнителна варијација од грбот е можна со преместување на натписот „Комисија за планинарски водичи“ помеѓу планинскиот масив и „ФПСМ“.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

**Член 5**

Претседателот е водечко лице на Комисијата, на целата служба за водичи на ФПСМ и тој ја претставува Комисијата.
Претседателот:

- свикува седници и раководи со работата на Комисијата во согласност со овој правилник и другите сродни правилници,
- обезбедува стекнување и користење на средствата на Комисијата според програмата за работа,
- поднесува извештаи до Претседателството и органите на ФПСМ,
- врши избор на надворешни членови на комисијата,
- по потреба одлучува за исклучување на јавноста при стручни анализи на водичките активности, работата на водичите и образовниот кадар, обуките и испитите,
- врши други задачи кои му се доделени со останатите правилници и правни акти, а се од интерес за планинарските водичи на ФПСМ.

Потписник на сите документи на Комисијата за планинарски водичи на ФПСМ е нејзиниот Претседател.

СЕКРЕТАР

**член 6**

Секретарот на Комисијата му помага на Претседателот во извршувањето на неговите должности и го заменува за време на неговото отсуство.

ПОМОШНИ ТЕЛА НА КОМИСИЈАТА

**член 7**

Претседателот може да формира помошни тела како што се комитети, поткомитети, работни групи или да назначи комесари за поединечни задачи во делокругот на работата на Комисијата, на пример:

- за образование и обуки,
- за административни прашања и лиценцирање на водичи,
- за дисциплински постапки,
- за координирање на работата на регионалните ограноци,
- за водење на лицата со попреченост,
- за спроведување на инструкторски испити, и
- други помошни тела во делокругот на работата на Комисијата.

При формирањето на работните тела, Претседателот ги утврдува нивните цели и задачи.
Членовите на помошните тела како и комесарите не мора да бидат членови на Комисијата.

ПОСТАПКА ЗА ИЗБОР И ИМЕНУВАЊЕ

**Член 8**

Претседателот го избира Претседателсвото на ФПСМ.
Претседателот во рок од 30 дена до Претседателството на ФПСМ предлага програма и план за работа како и предлог за членови на Комисијата.
Претседателството врши избор и именување на членовите на Комисијата врз основа на предлогот на Претседателот на Комисијата.
Претседателството по предлог на Претседателот на Комисијата избира и вонредни членови кои учествуваат во работата на Комисијата и доколку некој од редовните членови поднесе оставка или е исклучен од Комисијата- вонредниот член стекнува статус на редовен член.
Доколку Претседателството не добие валидни предлози за избор на Претседател и членови на Комисијата во рокот наведен во огласот, мандатите на постојаниот

Претседател и членови на Комисијата автоматски се продолжуваат до избори на нови членови.
Во случај на оставка на Претседателот на Комисијата се распушта целата Комисија и Претседателството на ФПСМ именува вршител на должност – раководител на Комисијата. Вршителот на должност има право да ги извршува само активности кои се неопходни за непречено функционирање на Комисијата. Вршителот на должност мора да биде водич со активна лиценца. Мандатот на вршителот на должноста престанува во моментот на стапување на сила на одлуката за избор на Претседател.
Во случај на оставка или исклучување на некој од членовите на Комисијата Претседателот предлага нов член до Претседателството. Претседателството го става на дневен ред предлогот на првата наредна седница по поднесувањето.
Секретарот го избира Претседателот на Комисијата, од редовите на членовите на Комисијата.
Мандатот на Претседателот на Комисијата, Секретарот на Комисијата, членовите на Комисијата, надворешите и вонредните членови како и на членовите на помошни работни тела е врзан со мандатот на Претседателството и трае 4 години и истите можат да бидат реизбрани.
Мандатот на Претседателот на Комисијата, Секретарот на Комисијата, членовите на Комисијата, надворешните и вонредните членови како и на членовите на помошни работни тела трае 4 години и истите можат да бидат реизбрани.
Мандатот на лицата може да се прекине и пред истекувањето со:

- поднесена оставка;
- донесена одлука од страна на матичниот планинарски клуб, Комисијата или ФПСМ за суспензија или казна поради прекршување на некој од актите;
- правосилна казнена пресуда со ефективна затворска казна;
- регистрирана неактивност или несовесност во извршувањето на функцијата член на Комисијата;
- одлука на Комисијата за исклучување;
- смрт.

Кандидатите за позицијата Претседател на Комисијата и нејзини членови треба да ги исполнуваат следните услови:

- мора да биде член на планинарско друштво кое е член на ФПСМ,
- мора да биде запознаен со структурата на Комисијата за планинарски водичи на ФПСМ и Правилникот на Комисијата.

Мнозинството од вкупниот број на членови на Комисијата мора да го сочинуваат лиценцирани планинарски водичи и лица кои се во процес на обука и лиценцирање за планинарски водич.

СОСТАНОЦИ НА КОМИСИЈАТА

**Член 9**

Комисијата ги одржува своите состаноци по потреба, и тоа најмалку три пати годишно.
Комисијата може да донесува одлуки и на електронски состаноци и со гласање преку електронска пошта.
Комисијата може полноправно да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку 3 (три) членови.
Одлуките на Комисијата се носат со просто мнозинство од вкупниот број на присутни членови. Во итни случаи можно е и електронско или телефонско гласање врз основа на образложен предлог. Исходот на гласањето се утврдува на следниот состанок. Надворешните членови на Комисијата немаат право на глас, а во отсуство на редовните членови право на глас ќе имаат вонредните членови.
Седницата на Комисијата ја подготвува и свикува Претседателот, а во негово отсуство Секретарот. Претседателот го одредува дневниот ред и претседава со седницата.
Доколку најмалку 1/3 од членовите на Комисијата побараат одржување на седница или ако тоа го побара Претседателството на ФПСМ или едно од лицата овластени за

застапување на ФПСМ, Претседателот е должен да свика седница на Комисијата во рок од триесет дена. Доколку Претседателот во тој рок не ја свика седницата, предлагачот може да ја свика седницата и во тој случај тој ќе претседава.

ФИНАНСИРАЊЕ НА КОМИСИЈАТА

**Член 10**

Комисијата работи според финансискиот нацрт за спроведување на програмата за работа усвоен од Претседателството на ФПСМ. Предлогот финансиски нацрт за работа на Комисијата го подготвува Комисијата.
Приходи се:

- Наменски средства од планинарските клубови и од ФПСМ;
- Наменски средства од организации вон ФПСМ;
- Донации
- Спонзорства
- Обуките
- Уплати од учесниците на акциите
- Други извори.

РЕГИОНАЛНИ ОГРАНОЦИ

**член 11**

Регионалните ограноци се територијална единица на Комисијата за планинарски водичи.
Основани се во одредена област на Републиката каде што се јавува потреба и каде што има организациски, кадровски и технички можности за тоа. Огранокот го формира Комисијата, а во согласност со условите утврдени во овој Правилник.
Огранокот ги организира и спроведува своите активности во согласност со насоките на Комисијата.
Задачите на огранокот се:

- организирање и спроведување на основни и национални школи,
- организирање вежби за водичи и водичи-приправници,
- спроведување на лиценцирање за водичи по претходна согласност од Комисијата,
- информирање на членството на ФПСМ за одлуките, упатствата и препораките на Комисија за планинарски водичи на ФПСМ,
- поттикнување на водичите активно да работат како водичи во нивните планинарски клубови во согласност со нивните квалификации,
- конструктивно учество во соработката со Комисијата со цел да се подобри работата на водичката служба на ФПСМ,
- известување на Комисијата за својата работа.

Огранокот професионално е подреден на Комисијата.
Координаторот на регионалниот огранок е назначен од Претседателот на Комисијата. Тој е одговорен за работата на огранокот и го претставува пред Комисијата.

# II. ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧИ

**Член 12**

Планинарските водичи на ФПСМ се членови на планинарските клубови кои се обучени за водење според програмите на ФПСМ, а во согласност со стандардите на UIAA.
Со образованието во рамките на програмите на ФПСМ, членовите ги стекнуваат следните професионални називи:

- **Приправник водич** – лице кое е ја завршило обуката за планинарски водич, но сеуште не се стекнал со право за полагање на испитите или не ги положил испитите предвидени со програмите и протоколот за лиценцирање;
- **водич** – лице кое ги потврдило своите знаења и вештини преку успешно полагање на испитите според програмите и протоколот за лиценцирање.

Условите за стекнување професионален назив водич е регулирано со Програмата за летна обука (-А стандард според УИАА), Програмата за зимска обука (-Б стандард според УИАА) и со Протоколот за лиценцирање на планинарски водичи.
Со исполнување на условите предвидени во Програмата за летна обука (А стандард), Програмата за зимска обука (Б стандард) и со Протоколот за лиценцирање на планинарски водичи лицата се стекнуваат со професионален назив кој е издаден од Министерството за образование и наука - „планинарски водич“ (англиски јазик „*mountaine guide*“; француски јазик „*guide de montagne*“).

ЗНАЧКА И АМБЛЕМ

**Член 13**

Значката на планинарските водичи е метална плочка со елипсовидна форма, на рабовите меко свиена навнатре, со метална сребрена боја. Во средината е знакот на ФПСМ, а над знакот по горниот раб со црна боја е испишано едно под друго „ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧ ФПСМ“ и на англиски „MOUNTAIN GUIDE“. Под знакот на ФПСМ со кирилични букви е напишано името и презимето на планинарскиот водич. На задната страна значката е нумерирана со број запишан во Регистарот на планинарски водичи.
Листата на издадени значки ја води ЦСО.
Значката не е валидна без валидно членство во ФПСМ и легитимација за водич.
Амблемот на планинарскиот водич е направен од текстил, во елипсовидна форма, обрабен со сина боја. Во средината е знакот на ФПСМ над кој со црни букви е напишано ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧ ФПСМ, а под него истото напишано на англиски, MOUNTAIN GUIDE MFNM.

ЛЕГИТИМАЦИЈА

**Член 14**

Легитимацијата е пластифицирана и е со правоаголен џебен формат. Легитимацијата е на македонски и на англиски јазик. На предната страна е знакот на ФПСМ под кој е текстот ПЛАНИНАРСКИ ВОДИЧ ПРИ ФЕДЕРАЦИЈАТА ЗА ПЛАНИНАРСТВО НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА (и на англиски: MOUNTAIN GUIDE OF MOUNTAINEERING FEDERATION OF NORTH MACEDONIA). Легитимацијата содржи лични податоци на водичот, слика и датум на нејзина важност. Листата на издадени легитимации ја води ЦСО.

ПРАВА НА ПЛАНИНАРСКИТЕ ВОДИЧИ

**Член 15**

Правата на планинарските водичи се:
- водење на планинари во согласност со нивните квалификации,
- учество во работата на огранокот територијално надлежен според местото на живеење на водичот или седиштето на матичниот планинарски клуб,
- учество на вежби организирани од страна на Комисијата,
- учество во работата на Комисијата,
- да биде избран на функција во Комисијата,
- кога извршува водички активности да го истакне амблемот и значката за водич на ФПСМ,

- примање надоместок за трошоци направени во акцијата за водење, на начин уреден со одлуките на планинарскиот клуб кој е организатор на акцијата,
- примање надомест за трошоците за користената опрема, доколку е така договорено,
- користење на поволностите како планинарски водич, вклучително и бесплатно ноќевања во планинарски објекти во Македонија според правилата со кои се регулира работењето и куќниот ред во планинарските објекти, како и организација на планинарски излети, походи и маршеви,
- уживаат и други права регулирани со одлуки на Собранието на ФПСМ, Претседателството на ФПСМ и Комисијата.

ДОЛЖНОСТИ НА ПЛАНИНАРСКИТЕ ВОДИЧИ

**Член 16**

Планинарските водичи на ФПСМ се должни да:
- совесно водат планинарски излети, походи и маршеви во рамките на нивната надлежност и во согласност со Правилникот за организирање и водење на планинарски акции, походи и маршеви на ФПСМ,
- да бидат членови на планинарски клуб регистриран во ФПСМ и да ги извршуваат своите должности како член и водич во него,
- постојано го подобруваат своето знаење преку посетување на предавања, вежби, курсеви, семинари и други форми на едукација,
- да не водат лица без соодветна опрема, ниту лица за кои веруваат дека не се способни да ги надминат очекуваните напори,
- имаат соодветна опрема за планинарење и водење при водење на лица,
- ја претставуваат групата на планинари што ја водат кон трети лица,
- се впуштат во активно помагање и, доколку е потребно, да ја прекинат нивната активност во случај на повик за спасување,
- редовно поднесуваат извештаи за водичките активности до Комисијата
- ги штитат честа и угледот на планинарските водичи, Комисијата и ФПСМ,
- се грижат за сопственото здравје и физичка подготвеност,
- промовираат заштита на планинската природа.

Планинарскиот водич на ФПСМ е лично одговорен за неговите постапки и последици кои ќе настанат како резултат на невнимание, грешка или пропуст при извршувањето на водичките активности. Одговорноста може да настане и во случај на свесно несторување или воздржување од превземање на дејствие кое би ја намалило опасноста. За утврдување на одговорност и за водењето на постапката ќе се применуваат одредбите од Дисциплинскиот правилник за водичи на ФПСМ.

ОБУКА ЗА ВОДИЧ

Член **17**

Обуките, испитите и лиценцирањето на водичи се организира и спроведува во согласност со Правилникот за образование на ЦСО во ФПСМ Програмата за летна обука (А стандард), Програмата за зимска обука (Б стандард), Протоколот за лиценцирање на планинарски водичи како и врз основа на други сродни прописи од оваа област донесени од страна на ФПСМ или Комисијата.

ЛИЦЕНЦА ЗА ВОДИЧ

**Член 18**

Лиценцата за планинарски водич е овластување и право за самостојно водење на лица на терен и под услови опфатени со квалификациската способност и стандард.
Лиценцата трае три календарски години и може да се продолжи.

Условите за добивање и продолжување на лиценца за планинарски водич и постапката за лиценцирање, вклучително и обврските на регионалните ограноци во постапката за лиценцирање, ги утврдува Комисијата.
Комисијата може да го довери извршувањето на задачите поврзани со лиценцирањето на водичите на работна група или на инструктор.

ОБРАЗОВНА ЛИЦЕНЦА

**член 19**

Образовната лиценца е овластување за предавање и тестирање на знаењата и способностите на членовите на ФПСМ според Правилникот за образование на ЦСО во ФПСМ, програмата на соодветната обука и стандард, протоколите, упатствата и препораките на Комисијата.
Постојат две нивоа на образовна лиценца:

- Прв степен – асистент,
- Втор степен – инструктор.

Лиценцата трае три календарски години и може да се продолжи.
Условите за стекнување и продолжување на лиценца за асистент или инструктор ги утврдува ЦСО.
Комисијата одлучува за доделување, продолжување или одземање на лиценцата.
Комисијата може да го довери извршувањето на задачите поврзани со обуката, следењето или унапредувањето на работата на носителите на образовната лиценца на работна група или инструктор.

ПРЕСТАНОК И ПРЕКИН НА ВОДИЧКАТА ДЕЈНОСТ И ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

**Член 20**

Престанок или прекин на водичката дејност како и одземање на лиценцата на планинарските водичи на ФПСМ може да настане:

- на лично барање,
- со одлука Комисијата за планинарски водичи или помошното тело задолжено за дисциплинска постапка при Комисијата, а и по барање и пријава поднесено од страна на учесник на организиран настан, планинарски клуб, регионален огранок или Федерацијата во кое се истакнува прекршување на некој позитивен акт,
- смрт.

ПРИЗНАНИЈА НА ВОДИЧИ

**Член 21**

Водички признанија се доделуваат на секој планинарски водич кој со своето работење значајно придонел во развојот и угледот на водичката дејност во рамките на ФПСМ. Критериумите за избор и начинот на избор ги определува Комисијата.

ЗБОР НА ВОДИЧИ

**Член 22**

Зборот на водичи е советодавно тело на Комисијата. Тој е составена од сите водичи и водичи приправници и дискутира за теми од интерес за планинарските водичи на ФПСМ.
Зборот го свикува и води Претседателот на Комисијата.
Зборот се состанува еднаш на секои четири години, а по потреба може да се свикува и почесто.

## III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 23**

Транспарентноста на работата на сите нивоа во Комисијата се постигнува преку достапноста на одлуките и известувањето преку веб-страницата на ФПСМ како и преку официјалните профили на социјалните мрежи на Комисијата.
Јавноста може да биде исклучена од стручни анализи на водичките активности, обуки и испити и работата на водичите и образовниот кадар, со одлука на Претседателот на Комисијата.

**Член 24**

Со усвојување на Правилникот за работа на Комисијата за планинарски водичи и регулирање на водичката дејност при Федерацијата за Планинарство на Северна Македонија престануваат да важат претходните Правилници за водичи на планина и пропратните акти кои ја регулираа оваа дејност.
Примената на новата методологија за лиценцирање на планинарски водичи нема да произведува ретроактивно дејство врз веќе започнатите програми и курсеви.
Врз основа на овој Правилник и новата методологија за лиценцирање на планинарските водичи се задолжува Комисијата да донесе протокол за задолжително дооформување на образованието на регистрираните водичи на ФПСМ кои имаат лиценца А0, А1, А2 и Б1 како би се истите стекнале со лиценца и квалификација „планинарски водич". За лицата со завршена обука за планинарски водичи, а кои не се опфатени со овие Правилници ќе се подготви посебен протокол за нивно лиценцирање.

**Член 25**

Овој Правилник влегува во сила 8 ден по негово објавување на веб-страницата на Федерацијата за планинарство на Северна Македонија.

ФПСМ
Претседател
Зоран Читкушев